МАКЕДОНСКА БАНКА ЗА ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ АД
Бр. 03-1504/1
12. 06. 2019 год.
СКОПЈЕ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# КОНКУРС

## ЗА ИЗРАБОТКА НА ИДЕЈНО РЕШЕНИЕ ТРГОВСКА МАРКА-ЗАШТИТЕН ЗНАК (ЛОГО)

## I. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ НА КОНКУРСОТ

1. Конкурсот се објавува од страна на Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје (во натамошниот текст: набавувач).

2. Предмет на Конкурсот - Изработка на идејно решение трговска марка – заштитен знак (лого)

3. Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје е основана со Законот за основање на Македонска банка за поддршка на развојот (Сл.весник на Република Македоија бр. 24/98, 6/2000, 109/2005, 130/2008, 105/2009). Цел на Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје (МБПР) е да го поддржува и поттикнува развојот на македонското стопанство во согласност со стратешките политики, цели и приоритети на Република Македонија. Во работењето МБПР се придржува на следниве принципи: неконкурентност, недискриминација и транспарентност во работењето, рентабилност и ефикасност и економска оправданост на инвестиционите проекти и инвестиции. Основни задачи на МБПР се: финансирање на развојот на трговските друштва основани во Република Северна Македонија, поттикнување на извозот, поддршка на мали и средни претпријатија основани во Република Северна Македонија, финансирање на инфраструктурата, поддршка на регионалниот развој и финансирање на проекти за обезбедување и заштита на животната средина и на обновливи извори на енергија.

Надзорниот одбор на банката донесе Одлука за промена на името на банката од Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје во Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје. Одлуката ќе стапи во сила по добивањето на согласост за промената од страна на гувернерот на Народна банка на Република Северна Македонија и одобрување на одлуката од страна на Собранието на акционери на банката.

**НОВОТО ИМЕ НА БАНКАТА ЌЕ БИДЕ:**

**РАЗВОЈНА БАНКА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ**

Со оглед да старото решение беше поврзано со името на банката, банката има потреба од идејно решение трговска марка (лого) на банката и за таа цел го објавува овој конкурс за изработка на трговска марка-заштитен знак (лого) на банката.

## II. УСЛОВИ И КАРАКТЕРИСТИКИ НА КОНКУРСОТ

4. Трговската марка-заштитен знак (лого) преку одредена симболика треба да ги отсликува целите, задачите, активностите и улогата на банката како развојна банка во државна сопственост согласно законот за нејзино основање и работа. Идејното решение треба да ги исполнува критериумите условите и барањата потребни за регистрација на заштитниот знак (логото) во регистарот на трговски марки. Заштитниот знак може, но не мора да го содржи името на банката.

Трговската марка заштитниот знак (лого) треба да е доставена во дигитална и во печатена форма со прилог текстуално образложение за концептот на идејното графичко решение.

Заштитниот знак (логото) да биде изработено во векторски формат во: EPS, CDR (Corel Draw) и/или AI (Adobe iliustrator) фајл формат.

Заштитниот знак (логото) да биде изработено во битмапирана форма во: GIF, JPG, TIF, и/или PNG фајл формат.

Векторските и бимапирани фајлови да бидат снимени на CD и заедно со испечатените примероци да бидат испратени на поштенска адреса Скопје ул. Димитрие Чуповски бр.26 со назнака за Конкурс за изработка на идејно решение трговска марка-заштитен знак (лого) на Развојна банка на Северна Македонија.

Идејното решение треба да биде оригинално и досега неупотребувано.

Наградените учесници на конкурсот се должни во рок од 3 (три) дена од известувањето за наградениот труд да достават до банката изјава заверена кај нотар за гаранција за оригиналноста на идејното решение.

Комисијата односно банката го задржува правото да не избере ниту едно од поднесените решенија.

## III. ПРАВО НА УЧЕСТВО НА КОНКУРСОТ

5. Конкурсот е јавен и анонимен за учесниците. Право на учество на Конкурсот имаат сите правни и физички лица. Еден автор може да учествува со две или повеќе идејни решенија.

## IV. НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ И РОК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛИТЕ

6. Конкурсните трудови треба да бидат доставени во затворена обвивка со натпис Конкурс за изработка на трговска марка –заштитен знак (лого) за Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје и со јасно напишана препорака: **„Не отворај!"**. Трудот треба да биде обележан со шифра (максимум пет букви или броеви). Податоците за авторот треба да се наведени во посебен, затворен плик, приложен со трудот и означен со истата шифра (адреса за враќање на трудот, улица, број, место град, телефон за контакт и е-адреса). Трудот треба да се достави во непроѕирна и запечатена обвивка обезбедена од оштетување при транспортот.

7. Конкурсот трае од 11.06.2019 до 15.07.2019 година, односно краен рок за доставување на конкурсните трудови е 01 јули 2019 година до 16:00 часот во архивата на Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје или по пошта на адреса: улица „Димитрие Чуповски бр.26, Скопје. Со доставувањето на конкурсниот труд во/до банката, се смета дека секој учесник ги прифаќа пропозициите од Конкурсот.

## V. НАГРАДИ НА КОНКУРСОТ

8. Оценувањето на трудовите ќе го врши комисија врз основа на условите на Конкурсот.

9. На Конкурсот ќе се доделат три награди и тоа:

- I награда ________________18.000,00 денари;
- II награда ________________12.000,00 денари;
- III награда ________________6.000,00 денари;

**VI. ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД КОНКУРСОТ**

10. Трудовите кои не ги содржат сите елементи опишани во поглавјето **II. УСЛОВИ И КАРАКТЕРИСТИКИ НА КОНКУРСОТ** и во поглавјето **IV. НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ И РОК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ИДЕЈНИТЕ РЕШЕНИЈА**, односно се некомплетни и ненавремено доставени, нема да бидат предмет на разгледување на комисијата. Комисијата ќе го изврши оценувањето и ќе ги објави резултатите од Конкурсот во рок од 10 дена од денот на завршување на Конкурсот. Трудовите што нема да бидат прифатени, ќе бидат вратени во рок од 10 (десет) дена од денот на завршување на постапката.

11. Со наградените банката ќе склучи авторски договор за користење на делото, односно за пренос на авторските права неопходни за натамошно користење на делото. Наградата ќе претставува и авторски надомест за отстапените права за користење на делото, што ќе бидат уредени со договор.

**VII. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ**

12. За дополнителни појаснувања, сите заинтересирани може да се обратат кај одговорниот во банката, Тони Петроски на телефонскиот број 02 3 115 844.

**в.д. Главен извршен директор**
**Кирил Колемишевски**

МАКЕДОНСКА БАНКА ЗА ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ МБР А.Д. СКОПЈЕ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА